С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес

Излегува по потреба

Број 14 **година XLVIII**

12 ноември 2012 година

256.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2012 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2012 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.11.2012 година.

Број 08-6202/1
12.11.2012 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.11.2012 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес во 2012 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес во 2012 година.

2.Измените и дополнувањата кои се донесуваат со Програмата за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2012 година, да се внесат во текстот на Измените и дополнувањата на Буџетот за 2012 година, кои се предлог за расправа за наредната седница на Советот на Општина Велес.

3.Дополнетиот текст на Измените и дополнувањата на Буџетот за 2012 година да бидат доставени на членовите на Советот на Општина Велес за наредната седница.

4.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6201/2
12.11.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 46, став 1 од Законот за градежно земјиште (“Сл. весник на РМ” бр.82/08 и 56/10), а согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост (“Сл. весник на РМ” бр. 88/09,157/09, 63/10 и 98/10), член 22 став 1 точка 1 и 2 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02) и член 46, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Сл. гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.11. 2012 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2012 година

1. Во Програмата за уредување на градежното земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2012 година ("Службен гласник на општина Велес" бр.17/11) се врши измена во:

1.2. во глава IV. - ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ :

во табелата Приходи се следните измени,

.... точка 9 - Средствата од буџетот на општината износот 28.676.734 денари се брише и се заменува со 10.656.734,00 денари;

.... точка 11 - Приходи од домашно задолжување износот 42.000.000 денари се брише и се заменува со 5.000.000,00 денари;

Износот вкупно приходи од 178.560.000 се брише и се заменува со 123.540.000 денари.

1. Во табелата Расходи,

Вкупниот износ од 159.955.000 денари се брише и се заменува со 108.055.000 денари

-програма Ф - Урбано планирање износот 12.700.000,оо ден. се брише и се заменува со 11.600.000,оо ден;

-подпрограма Ф10 - Урбанистичко планирање износот 3.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 2.000.000,оо ден;

-подпрограма Ф20 Уредување на градежно земјиште износот 5.200.000,оо ден. се брише и се заменува со 4.600.000,оо ден;

-точка 4 Геомеханички испитувања износот 800.000,оо ден. се брише и се заменува со 200.000,оо ден;

-програма ФА0 Уредување на градежно земјиште износот 2.500.000,оо ден. се брише и се заменува со 3.000.000,оо ден;

-точка 1 Изработка на проектна документација за инфраструктура износот 2.500.000,оо ден. се брише и се заменува со 3.000.000,оо ден;

-програма Ј - Комунални дејности износот 146.605.000,оо ден. се брише и се заменува со 95.805.000,оо ден;

подпрограма Ј00 - Одржување на урбана опрема износот 1,500.000,оо ден. останува непроменет;

-точка 1 Фарбање на столбчиња, парапети, канделабри и огради износот 1.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 500.000,оо ден;

-точка 2 Одржување на разна урбана опрема износот 500.000,оо ден. се брише и се заменува со 1.000.000,оо ден;

-програма ЈН0 Урбана опрема (капитални расходи) износот 3.400.000,оо ден. се брише и се заменува со 1.700.000,оо ден;

-точка 1 Набавка на урбана опрема износот 1.500.000,оо ден. се брише и се заменува со 700.000,оо ден;

-точка 3 Ракофати и огради износот 1.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 600.000,оо ден;

-точка 4 Видиковци износот 600.000,оо ден. се брише и се заменува со 100.000,оо ден;

-програма ЈГ0 Изградба на системи за водоснабдување износот 42.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 5.000.000,оо ден;

-точка 1 Изградба на водоснабдителен систем за Езеро Младост износот 42.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 5.000.000,оо ден;

-подпрограма Ј20 Одведување и пречистување на отпадни води износот 2.550.000,оо ден. се брише и се заменува со 3.350.000,оо ден;

-после точка 5 се додава нова точка 6- Препумпна станица за фекални води село Горно Оризари во износ од 800.000,00 денари;

-подпрограма Ј30 Јавно осветлување износот 18.500.000,оо ден. се брише и се заменува со 18.000.000,оо ден;

-точка 1 Потрошена електрична енергија износот 12.500.000,оо ден. се брише и се заменува со 13.000.000,оо ден;

-точка 2 Одржување на јавно осветлување износот 1.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 1.500.000,оо ден;

-точка 5 Реконструкција на мрежа износот 1.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 500.000,оо ден;

-точка 6 Замена на постојни со економични светилки износот 500.000,оо ден. се брише во целост;

-точка 7 Дислокација на ормари надвор од трафостаница износот 500.000,оо ден. се брише во целост;

-подпрограма ЈА0 Изградба на јавно осветлување износот 5.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 2.400.000,оо ден;

-точка 2 Осветлување на населба Хабитат износот 200.000,оо ден. се брише во целост;

-точка 3 Осветлување на Индустриска зона Речани износот 400.000,оо ден. се брише во целост;

-точка 4 Осветлување на паркот и партерот пред Општина Велес износот 200.000,оо ден. се брише во целост;

-точка 6 Осветлување на Градски парк износот 600.000,оо ден. се брише во целост;

-точка 8 замена со економични амбиентални светилки на партери и плоштади износот 800.000,оо ден. се брише во целост;

-точка 10 Осветлување на новоизведени кружни токови износот 500.000,оо ден. се брише во целост;

-подпрограма Ј40 Јавна чистота износот 9.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 9.500.000,оо ден;

-точка 1 Одржување на јавна чистота износот 9.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 9.500.000,оо ден;

-подпрограма Ј60 Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќај износот 12.800.000,оо ден. се брише и се заменува со 12.400.000,оо ден;

-точка 1 Прередување на камени коцки износот 1.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 400.000,оо ден;

-точка 4 Зимско одржување на локални патишта и улици износот 2.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 3.000.000,оо ден;

-точка 7 Чистење на банкини износот 800.000,оо ден. се брише и се заменува со 500.000,оо ден;

-точка 9 Отстранување на последици од елементарни непогоди износот 1.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 500.000,оо ден;

-подпрограма ЈД0 - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици износот 28,700.000,оо ден. се брише и се заменува со 20,200.000,оо ден;

-точка 2 Асфалтирање на улица „Сутјеска“ износот 400.000,оо ден. се брише во целост;

-точка 3 Асфалтирање на улица „Крсте Мисирков“ износот 1.300.000,оо ден. се брише во целост;

-точка 6 Асфалтирање на обиколен пат Велес - Башино Село износот 1.000.000,оо ден. се брише во целост;

-точка 8 Асфалтирање на улица „Мирка Гинева“ износот 800.000,оо ден. се брише во целост;

-точка 10 Поплочување на тротоар на улица „Енгелсова“ износот 200.000,оо ден. се брише во целост;

-точка 11 Реконструкција на тротоар на улица „Сутјеска“ износот 300.000,оо ден. се брише во целост;

-точка 12 Реконструкција на тротоар на улица „Крсте Мисирков“ износот 600.000,оо ден. се брише во целост;

-точка 13 Реконструкција на тротоар на улица „Орце Мартинов“ износот 300.000,оо ден. се брише во целост;

-точка 29 Изградба на ригола на патот Свилара - Оризари износот 1.000.000,оо ден. се брише во целост;

-точка 31 Асфалтирање на патот кон село Ораовец износот 1.000.000,оо ден. се брише во целост;

-точка 34 Асфалтирање на раскрсница кај ресторан „Саат“ износот 100.000,оо ден. се брише во целост;

-точка 35 Тампонирање на патот од Долно до Горно Караслари износот 500.000,оо ден. се брише во целост;

-точка 40 Интервентно санирање на нестабилни карпести блокови износот 1.000.000,оо ден. се брише и се заменува со 500.000,оо ден;

-подпрограма Ј70 - Одржување и користење на паркови и зеленило износот 6,500.000,оо ден. се брише и се заменува со 6,800.000,оо ден;

-точка 1 Одржување на градско зеленило износот 5,000.000,оо ден. Се брише и се заменува со 5,300.000,оо ден;

-подпрограма Ј80 - други комунални услуги износот 2,050.000,оо ден. Се брише и се заменува со 2,350.000,оо ден;

-точка 4 Ерадикација на животни скитници, дератизација и аеросолна дезинсекција износот 800.000,оо ден. се брише и се заменува со 1,100.000,оо ден;

-подпрограма ЈЛ0 - Други комунални услуги (капитални инвестиции) износот 6,050.000,оо ден. се брише и се заменува со 4,050.000,оо ден;

-точка 3 Изградба на пешачки надвозник на Битолска пруга износот 2.000.000,оо ден. се брише во целост;

2.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-6201/2
12.11.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

257.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2013 година

Се објавува Заклучокот за утврдување на Нацрт-Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2013 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.11.2012 година.

Број 08-6202/2
12.11.2012 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06,03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.11.2012 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за утврдување на Нацрт-програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2013 година

1. Советот на Општина Велес ја утврди Нацрт-програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2013 година.

2. Сите забелешки кон Нацрт-програмата кои ќе бидат дадени и прифатени при јавната расправа ќе бидат составен дел на Нацрт-текстот, кој ќе биде изготвен во Предлог-програма и доставен на Советот на Општина Велес на усвојување на една од наредните седници.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-6201/3
12.11.2012 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

256	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2012 година**	**308**
	З А К Л У Ч О К за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес во 2012 година	
257	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за утврдување на Нацрт-Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2013 година**	**312**
	З А К Л У Ч О К за утврдување на Нацрт-програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2013 година	

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00